АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27.10.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 5231 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во текот на петтиот извештаен период (од 12 до 21 октомври 2016 година), ТВ Канал 5 направи измена во програмската шема, така што почетокот на Дневникот го помести од 18 во 18:30 часот. Оттаму, примерокот за оваа анализа се состои од пет Дневници во 18 часот и пет Дневници во 18:30 часот.

Анализираните прилози сочинуваат 6 часа 57 минути и 54 секунди од Дневникот. Од нив, 6 часа 29 минута и 23 секунди се реализирани преку некој од информативните жанрови - извештаи, интервјуа и изјави, (Табела 1), додека 28 минути и 31 секунда се осврти и коментари.

Промената во Дневникот подразбира измена на терминот за емитување и на изведбата на најавата, а Телевизијата ги задржи карактеристиките какви што се интервјуата во живо и информирањето за различни настани од внатрешноста на државата (Осоговијата, Радовиш, Битола, Струмица, Велес, Тетово, кочанско, подбеласичките села).

Специфика на интервјуата за овој период, е присуството на претставници на централната и локалната власт и на органите на државната управа, односно јавните институции, што се рефлектира во вкупната временска застапеност на овие методолошки категории. Во овие десет дена, од оние теми кои се релевантни за анализата, се бележат следниве теми и соговорници во живо: На 12 октомври, со Игор Дурловски се зборува за почетокот на новата сезона на МОБ, и отворањето на реновираното гледалиште (4 минути и 44 секунди); на 13 октомври со директорот на Агенцијата за вработување на РМ Влатко Поповски се разговара за тоа каква работна сила им е потребна на новите странски инвеститори и за мерките на Владата за поддршка на вработувањето (4 минути и 3 секунди), а со Гордана Момироска, извршна директорка на Националниот драмски фестивал, за актерска претстава на лицата со посебни потреби (3 минути и 19 секунди); на 14 октомври, по повод манифестацијата „Самун и татлија" во Радовиш има разговор со градоначалникот на оваа Општина Сашко Николов; на 17 октомври, анкетата спроведена од Владата со триесетина странски компании во Македонија е повод за интервју со вицепремиерот Владимир Пешевски (7 минути и 47); на 18 октомври има разговор со директорката на Детската клиника д-р Аспасија Софијанова во врска со тоа колку може медицинските совети што луѓето сами ги добиваат на Интернет да му наштетат на здравјето (3 минути и 43 секунди), а со директорката на Фондот за иновации Јасмина Поповска се разговара за поддршката за иновациите (5 минути и 25 секунди); на 21 октомври се разговара со директорот на Бирото за јавна безбедност Митко Чавков за влегувањето на Специјалното јавно обвинителство во Управата за безбедност и контраразузнавање (12 минути и 13 секунди), по повод 70-годишниот јубилеј на Здружението на лица со оштетен вид се разговара со Беира Салифовска (2 минути и 33 секунди), а со претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата Игор Тантуровски во врска со забраната за располагањето со јавните средства во изборните периоди (3 минути и 16 секунди).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 01:09:04 | 17,74 % |
| Други субјекти | 01:00:06 | 15,43 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 01:23:32 | 21,45 % |
| Претседател на РМ | 00:00:35 | 0,15 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:50:00 | 12,84 % |
| СДСМ | 00:41:54 | 10,76 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:37 | 4,27 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:15 | 0,32 % |
| Собрание на РМ | 00:12:53 | 3,31 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:39 | 1,19 % |
| Без субјекти | 00:09:44 | 2,50 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:56 | 1,01 % |
| Специјално обвинителство | 00:06:55 | 1,78 % |
| Судство | 00:00:47 | 0,20 % |
| Локална самоуправа | 00:05:17 | 1,36 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:40 | 1,20 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:47 | 0,20 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:47 | 0,20 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:32 | 0,14 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:14 | 1,60 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:36 | 0,15 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:24 | 0,62 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:09 | 0,55 | % |
| АРМ | 00:04:00 | 1,03 | % |
| | **Вкупно: 06:29:23** | **100** | **%** |

Најголем дел од времето во Дневникот произлегува од прилози (вклучувајќи и интервјуа) со субјектите кои се вбројуваат во методолошката категорија *„органи на државната управа/јавни претпријатија*".

Следува Владата, со времето отстапено за редовните активности, за интервјуа и за прилози во кои, резултатите од нејзините проекти и активности се ставени во позитивен контекст, какви што се, на пример: на 12 октомври „Три нови странски инвестиции со 2.600 вработувања" (4 минути); на 13 октомври „Доделени шест грантови од по 10 илјади евра за нови приватни детски градинки" (2 минути и 36 секунди), „Преведени илјада стручни и научни книги - проектот се дополнува со 200 наслови" (1 минута и 26 секунди); на 14 октомври „ИНОФРУТ ќе инвестира 10 милиони евра и ќе вработи 130 лица" (2 минути и 33 секунди); на 15 октомври „Отворена спортска сала во ОУ „Манчу Матак" во Кривогаштани" (1 минута и 8 секунди); на 18 октомври „Апарат за гастроскопија доби Чаир, се очекуваат 600 прегледи годишно" (1 минута и 2 секунди); на 20 октомври „Банката на Советот на Европа објави тендер за нов клинички центар во Скопје" (3 минути и 33 секунди).

Во разноликата методолошка категорија *„други субјекти*", која во себе обединува мноштво различни субјекти, овојпат, меѓу другото ги содржи: фудбалерите Бобан Николов, Давид Бабунски и селекторот на македонската репрезентација до 21 година Благоја Милевски, претставници од Костал и ЦераМетал, МОБ, ИЗИИС, добитничките на грант/сопственички на детски приватни градинки, сточари/мештани на Осоговско, холандски Инофрут, Ука Алити, Институт Димитрие Чуповски, Игор Томески добитник на Нобелова награда за млади, Лајонс клуб, офтамолог, Срѓан Николиќ Пека - добитник на награда „Златен стрип" и Ване Трајковски, Стрип центар Македонија, Тоше Проески, академик, кино клуб Манаки Битола, Сандра Петрова - овогодишна жетварска убавица, спортистот со Даунов синдром Марио Мицковски и неговата мајка, Гоце Џуклевски, Борче Трајковски (Боки Бургија), ФЕИТ, ЕВН, поранешен министер за транспорт и врски, Беира Салифовска - лице со оштетен вид, медиуми, Национален конзерваторски центар Скопје итн.

Наредни се ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, за кои се информира од нивните предкампањски активности на терен каде ги претставуваат своите програми, ветувања и меѓусебни обвинувања. Освен за нив, информации (со мала минутажа) има уште за неколку политички партии – ДУИ, ДПА, ЛДП И ГРОМ, како и за независна пратеничка.

Од субјектите што имаат застапеност поголема од 10 минути, се појавуваат уште амбасадорите и странските политичари, односно меѓународните организации и институции тогаш кога нивните активности се однесуваат на Република Македонија, и македонското Собрание.

Кај изворно пренесените изјави, најприсутна е Владата, а потоа, едно по друго се СДСМ, *„другите субјекти*" и ВМРО ДПМНЕ (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:26:24 | 16,66 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:23:39 | 14,92 % |
| СДСМ | 00:27:01 | 17,05 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:50 | 3,68 % |
| ДИК и други органи | 00:03:32 | 2,23 % |
| Влада на РМ | 00:38:21 | 24,20 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:14:11 | 9,62 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:25 | 0,89 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:00 | 0,63 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:34 | 0,99 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:20 | 1,47 % |
| Локална самоуправа | 00:03:31 | 2,22 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:57 | 1,23 % |
| Собрание на РМ | 00:01:10 | 0,74 % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:17 | 0,18 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:40 | 0,42 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:16 | 0,17 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:25 | 0,26 % |
| Граѓански сектор | 00:01:23 | 0,87 % |
| АРМ | 00:01:36 | 1,01 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:54 | 0,57 % |
| | **Вкупно: 02:37:26** | **100 %** |

Во петтиот десетдневен период од мониторингот, емитувани се неколку прилози реализирани преку аналитички жанрови.

На 12 октомври, се емитува осврт „Три нови странски инвестиции со 2.600 вработувања“ (4 минути) во која се репризираат информациите и изјавите што претходните неколку денови ги давaа претставниците на Владата и на странските инвеститори.

На 17 октомври има осврт на народниот собир на ВМРО ДПМНЕ одржан претходниот ден, со наводи од говорот на Никола Груевски, претседателот на партијата, насловен „Груевски најави нова програма за подобар живот на граѓаните“ (5 минути и 49 секунди).

На 18 октомври, во „Груевски: ВМРО ДПМНЕ со најобемна програма досега“ (2 минути и 24 секунди), се прави уште еден осврт на темите од говорот на Никола Груевски, претседателот на ВМРО ДПМНЕ, на собирот на партијата одржан два дена порано. Потоа се емитува уште еден осврт, „Граѓаните и аналитичарите едногласни - време е да се стави крај на политичката криза“ (4 минути и 15 секунди) во кој се пренесува гласот на граѓаните преку новинарскиот жанр анкета (направена од Телевизијата), потоа ставовите на политичките аналитичари Владимир Божиновски (по 11 декември тензиите ќе се намалат, можеби ќе исчезнат) и Петар Арсовски (изборите на 11 декември ќе го завршат акутниот дел од кризата, но во основа нема да ги отстранат причините за појавување на политичката криза), и на крајот дел од обраќањето на Никола Груевски од собирот на ВМРО ДПМНЕ во неделата (изборите ќе бидат референдум и ќе се бара најмасовна поддршка од гласачите).

На 19 октомври се емитува коментарот „Продолжува ли партизацијата на СЈО?“ (2 минути и 15 секунди), во кој се преиспитуваат вработувањата во Специјалното јавно обвинителство. По воведната оценка

дека „продолжува партизацијата на Специјалното јавно обвинителство се информира дека според дел од интернет порталите и дел од медиумите, неодамна на платниот список на Катица Јанева се наоѓа Борче Трајковски, во јавноста познат како Боки Бургија, дел од структурите на СДСМ", се емитува дел од негово обраќање од настап на митинг. ТВ Канал 5 известува дека се обидела да добие одговор од СЈО и од Трајковски, а од СДСМ информирале дека не се запознаени со таков случај. Потоа се наведува дека ова не е прв случај партиски кадар или поддржувачи на СДСМ да бидат вработени или ангажирани во СЈО, односно дека „серија експерти се на платниот список на Специјалното јавно обвинителство, а голем број партиски кадри на опозицијата, платата ја добиваат од оваа институција која се плаќа со парите од граѓаните", по што се наведуваат случаи на непотизам преку вработување блиски пријатели и роднини на тимот на Јанева.

На 21 октомври, се емитува осврт со кој продолжува да се следи прашањето на вработувањата во СЈО. Насловен е „Експертите негодуваат за последните вработувања во СЈО" (3 минути и 23 секунди) и во него е пренесена изјава од обвинителката Ленче Ристовска во врска со вработувањата, за потврдата од судот дека Борче Трајковски нема забрана да ја врши дејноста за која е вработен и за значењето на институтот рехабилитација; како и ставовите на професорката Билјана Ванковска и на новинарот Васко Ефтов, изнесени на нивните Фејсбук профили. Истиот ден, медиумот се осврнува и на објавувањето тендер за изградба на клинички центар во Скопје, за што се информираше претходниот ден. Во „Докторите се задоволни што наскоро ќе почне да се гради новиот Клинички центар" (2 минути и 22 секунди), повод за реактуелизација се позитивните ставови на д-р Бисера Ќаева, директорка на Клиника за пулмологија и алергологија и д-р Александар Шиколе, директор на Клиника за нефрологија.

## ***<u>Посебни информативни емисии</u>***[1]

### *<u>Интервјуа</u>*

На преминот помеѓу 14 и 15 октомври, се емитуваше емисијата *Миленко Неделковски Шоу,* во која беше реализирано интервју со Љубодраг Симоновиќ - Дуци, интелектуалец.

На 16 октомври во емисијата *Во Центар со Васко Ефтов*, беше емитувано интервју со Светозар Радишиќ, полковник во пензија, а истиот ден по полноќ, имаше реприза на емисијата со гостинот Милан Видојевиќ, најавен како Голем мајстор на редот на Св. Јован.

## ***<u>Други програми</u>***

Во утринската емисија *Здраво Македонијо,* на 13 октомври, гледачите беа информирани дека, за помалку од една недела, три нови странски инвестиции влегоа во нашата земја - германската СТС Текстајл инвестира во Велес, КОСТАЛ започна со производствен процес во Охрид, а нова инвестиција влегува и во Битола. Предвидено е трите компании да отворат вкупно нови 2500 работни места. Прашањата за гледачите беа: „Колку досегашните странски инвестиции донесоа позитивни промени во Македонија? Дали и колку помогнаа во намалување на невработеноста? Колкав е ќарот на државата од нив? Дали и колку се задоволни работниците од странските газди и платите кои ги добиваат? Дали е денес подобро да работиш во странска или домашна компанија? Дали и понатаму треба да продолжи трендот на привлекување странски инвестиции и под какви услови?". Во рамките на истата емисија, втора тема беше: „Собранието се распушта во понеделник, што потоа?"

[1] На 18.10.2016, вторник, поради технички проблеми, недостигаат снимки од 5 до 7 часот.

На 14 октомври, во емисијата *Здраво Македонијо,* тема за изнесување мислења од гледачите на Канал 5 беше: „Собраниски обвинувања околу тоа кој бега од избори. Дали некој навистина бега и зошто?" Се коментираше и на темите за кои гледачите веќе еднаш имаа можност да изнесуваат свои ставови во деновите на неделата која измина и тоа: „Собранието се распушта во понеделник, што потоа? и Трите нови странски инвестиции кои влегоа во нашата земја."

На 17 октомври, во емисијата *Здраво Македонијо*, гледачите имаа можност да даваат свои коментари во врска со информацијата дека Собранието на Република Македонија се распушти, па дали со тоа ќе се зацементира 11 декември како датум за избори?

Во наредното издание на *Здраво Македонијо,* на 18 октомври, темата која беше поставена е Парламентот се распушти, конечно одиме на избори!

Гледачите на 20 октомври, во утринската програма *Здраво Македонијо*, своите коментари ги изнесуваа за: „Во опозицијата има место за дел од „Шарените" за посакуваната победа на изборите. Може ли тоа да се случи?"

Во петочното издание, на *Здраво Македонијо*, од 21 октомври, темата беше: „Нови обвиненија и предмети од СЈО, реални докази или политика?" Исто така, гледачите имаа можност да дадат свои размислувања и за темата од претходните денови од работната недела што измина: „Парламентот се распушти, конечно одиме на избори."

Утринските емисии *Здраво Македонијо*, имаат редовен репризен термин - следниот ден по полноќ.

***Сектор за програмски работи***